# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

(Службен весник на РСМ, бр. 266 од 29.12.2025 година)

Член 1

Во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 144/25 и 252/25), насловот на членот 79 и членот 79 се менуваат и гласат:

„Додаток на плата за ЕУ и ИПА структури

Член 79

(1) Административниот службеник има право на додаток на плата од 15% до 30% од износот на основната плата, во следниве случаи:

- извршување работни задачи на проверка и оценка на усогласеноста со правото на Европската Унија, врз основа на донесен акт на Владата на Република Северна Македонија, доколку се обезбедени средства во буџетот на институцијата,
- извршување работни задачи во структурата за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, согласно со одлука на Владата на Република Северна Македонија, доколку се обезбедени средства во буџетот на институцијата и
- извршување работни задачи директно поврзани со управување и спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА) во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош (ИПА).

(2) Поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот од ставот (1) на овој член, на предлог на Министерството за европски прашања, Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација, ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.“.

Член 2

Во член 104 зборовите: „членот 78 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2026 година“ се заменуваат со зборовите: „членовите 78, 79 и 80 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.